Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести ( Сл. весник на РМ бр. 66/04; 139/08; 99/09; 149/14; 150/15;37/16 и 257/20) и член 21, точка 11 од Статутот на Општина Штип („Сл. гласник" бр. 01/03; 18/07; 11/08; 07/09; 16/09; 04/11; 13/14 и 5/21) Советот на Општина Штип на седницата одржана на 20 декември 2024 година донесе,

П Р О Г Р А М А
ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИТЕ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2025 ГОДИНА

Според програмата на Советот во овој период се изготвува предлог Програмата за општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Штип, што е во врска со член 11 од Законот за изменување и дополнување на законот за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на Р. Македонија бр.149/14):

„Дезинсекцијата и дератизацијата на населбите и нивната околина се изведуваат врз основа на стручни елаборати подготвени од страна на надлежниот центар за јавно здравје".

„Надлежниот центар за јавно здравје е должен да го подготви стручниот елаборат од ставот 2 на овој член, без надомест, најдоцна до 1 февруари во тековната година и да го достави до градоначалникот на општината, односно градот Скопје".

Доколу се утврди дека има разлики во насоките и мислењата во добиениот Елаборат од ЈЗУ ЦЈЗ Штип и донесената Програма, би се направила корекција на програмата во соодветна постапка.

Со оваа програма се утврдуваат општите мерки кои Општина Штип предвидува да ги преземе во 2025 година за заштита населението од заразни болести.

Заради заштита на населението од заразни болести кои се пренесуваат преку инсекти (комарци), Општина Штип ќе врши превентивна дезинсекција на населените места и јавните површини на својата територија и тоа како ларвицидна така и адултицидна дезинсекција според акциониот план кој ќе биде прилог кон програмата, како и по потреба ќе преземе мерки на запознавање на населението од опасностите од пренесување на заразните болести преку инсекти, со изработка и дистрибуција на информативен материјал.

Дезинсекцијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од источниот плански регион.

Заради заштита на населението од заразни болести предизвикани од глодари (стаорци), општина Штип ќе врши превентивна дератизација на главните канализациони шахти во градот и населените места, а по потреба и на други места

доколку се појават други глодари кои претставуваат опасност од појава на преносливи болести.

Дератизацијата ќе се врши преку избран извршител по пат на јавна набавка кој општината ќе го избере сама или во соработка со другите општини од источниот плански регион.

За спроведување на оваа програма општината има предвидено средства во Буџетот за 2025 година во износ од 2. 000. 000, 00 денари.

Број 08 – 8124/1
20 декември 2024 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова

АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2025 ГОДИНА

| **Ред.бр.** | **Мерки за заштита на населението** | **Временска рамка на превземени мерки** | **Субјект кој ќе ја спроведе мерката** | **Потребни средства во денари** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Дооформување на површините на кои треба да се изврши дезинсекцијата и дератизација Мапирање – Според член 11од Законот за изменување и дополнување на законот за Заштита на населението од заразни болести ,,Службен весник на Р. Македонија бр. 149/14” | Најдоцна до 1 февруари | ЈЗУ Центар за јавно здравје Штип | |
| **2.** | Проценка на површините за дезинсекција и дератизација по елаборат од ЈЗУ ЦЈЗ | Февруари | Општина Штип | |
| **3.** | Проценка на типот на средства и трошоците за набавка на средства за дезинсекција и дератизација | Февруари, | ЦЈЗ,<br>Општина Штип | |
| **4.** | Јавна набавка на извршител за спроведување на дезинсекција и дератизација | Февруари,<br>март | Општина Штип | |
| **5.** | Спроведување на дезинсекција ( ларвицидна ) | Април, мај, јуни, јули и август | Избран извршител | 1.990.000,00 |
| **6.** | Спроведување на авионска дезинсекција ( адултицидна) | Јуни, јули и август | | |
| **7.** | Спроведување на тереистичка дезинсекција ( адултицидна ) | Мај, јуни, јули, август и септември | | |
| **8.** | Спроведување на дератизација | Мај и септември | | |
| **9.** | Печатење на инфо – материјали, дистрибуција и медиумска кампања | По потреба | Општина Штип,ЦРИПР, НБО и ДСЗИ | 10. 000,00 |
| **10.** | Извештај за спроведени активности | Мај, јуни, јули, август, септември и декември | Избран извршител Општина Штип, ДСЗИ | |
| | | | Вкупно: | 2.000.000,00 |